# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.31 од 22.02.2016 година**

**Член 1**

Во Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15 и 217/15), во членот 2 став (2) по зборовите: „времени објекти наменети за домување," се додаваат зборовите: „објекти за примарна обработка на земјоделски производи (освен настрешници и објекти за времено сместување) согласно со Законот за земјоделско земјиште кои се изградени на градежно земјиште,".

**Член 2**

Членот 15 се брише.

**Член 3**

Во членот 21 став (2) зборовите: „министерот кој раководи со" се бришат.

**Член 4**

Членот 21-а се брише.

**Член 5**

Во членот 22 став (2) зборовите: „министерот кој раководи со" се бришат.
Ставот (3) се брише.

**Член 6**

Членот 22-а се брише.

**Член 7**

Во членот 28 став (2) зборовите: „и на министерот кој раководи со органот надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот," се бришат.

**Член 8**

Одредбите на членовите 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

**Член 9**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија."